МАКАМ-ТРАНС

АСОЦИЈАЦИЈА НА ЗДРУЖЕНИЈА НА РАБОТОДАВАЧИТЕ НА ПРЕВОЗНИТЕ ТРГОВСКИ ДРУШТВА НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА
МАКАМ-ТРАНС
БР.02-514/06.07.2023 год.
СКОПЈЕ

# ПРОГРАМА ЗА РАБОТА

## ПРИОРИТЕТНИ МЕРКИ ЗА ПОДОБРУВАЊЕ НА УСЛОВИ ЗА РАБОТА НА ПРЕВОЗНИ ТРГОВСКИ ДРУШТВА ЗА ПРЕВОЗ НА СТОКА ВО ПЕРИОД септември 2023 – септември 2028 ГОДИНА

Врз основа на одржани вонредни работни средби на регионалното претседателство и претставници на регионалните здруженија во период од 31.05 – 27.06.2023 година, превозниците ги усвоија следните Мерки за подобрување на услови за работа на превозните трговски друштва:

Дел од мерките кои останаа нереализирани или делумно реализирани од Програма за работа септември 2018-2023 година остануваат како приоритет и можност за нивно реализирање и во наредниот период од пет години.

**МЕРКИ:**

1.Следење на степенот на реализација на доставеното барање за допрецизирање на Уредба за издатоци за службени патувања и селидба во странство што на органите на управување им се признаваат во тековни трошоци со одредби истата да се однесува и на професионални возачи вработени во државни и јавни претпријатија со одредување на исклучок при пресметка на дневници по држави во 100% износ од утврдената вредност, поради специфичностите кои постојат при вршење на дејноста превоз во патниот сообраќај.
Допрецизирањето на уредбата индиректно значи подобрување на состојбата на професионалните возачи вработени во приватниот сектор од аспект на подобрување на социјалната сигурност и анулирање на дискриминација која се спроведува спрема превозните трговски друштва на кои дел од директните трошоци при вршење на превоз дополнително се оданочуваат со персонален данок на доход.

2. Следење на степенот на реализација на доставена иницијатива до Јавно претпријатие за државни патишта, целата процедура за доставување барање и издавање на Одобрение за вонреден превоз да се спроведува по електронски пат, а добиеното Одобрение за вршење на вонреден превоз да се дистрибуира по електронски пат до надлежни органи на граничните премини во случаи кога има надминување на бруто масата на возилото само или заедно со стоката до најмногу 45 Т;

3. Доставување на нов предлог за допрецизирање на член 37 од Закон за возила до Министерство за економија со цел за сите комерцијални возила кои вршат превоз на стока и патници, кога ќе имаат изгубена барем една таблица да им се издадат дупликат регистарски таблици со истите регистарски броеви. Во исто време да се достави барање за поддршка до министрите на Министерство за внатрешни работи и до Министерство за транспорт и врски.

4. Доставување на предлози и активно следење на активности кои се спроведуваат за изработка на нов Закон за превоз во патниот сообраќај за кој асоцијацијата достави сопствен предлог со изработен текст за целосно нов закон до министерството за транспорт и врски во 2022 година, а во 2023 година оствари работни средби и достави забелешки до стручните служби на МТВ;

5. Доставување барање за изработка на целосно нова метода за пресметка на надомест за употреба на јавните патишта за моторни и приклучни возила и тоа во процес на годишна регистрација, плаќање на патна такса, а во процес на користење на патната инфраструктура, плаќање на патарина. Новиот метод за пресметка треба

да биде изработен по примерот на државите членки на ЕУ и треба да се базира на еколошкиот стандард на возилата и на реалната сопствена тежина и впишаната носивост со која ги оптеретуваат патиштата во нашата држава приклучните возила;

6. Следење на објавени на ЕНЕР предлог измени на закони, подзаконски акти или донесување на нови закони кои ја регулираат областа на превозот во патниот сообраќај или индиректно имаат влијание во непречено вршење на дејноста на секое превозно трговско друштво поодделно.

- Закон за задолжително осигурување во патниот сообраќај;
- Закон за работно време на мобилните работници во патниот сообраќај и уредите за запишување во патниот сообраќај и
- Други законски регулативи зависно од акциониот план за работа на министерствата.

7. Следење на степенот на реализација на доставената Иницијатива за обезбедување на соодветни паркинг простори за тешки товарни возила и автобуси во близина на гранични премини од „А“ категорија и/или на делови од главните патни коридори, со санитарни простории, простории за седење и одмор со разладни уреди, интернет пристап и достапност до храна и пијалоци.

- Иницијативата е согласно усвоени Одлуки и законски одредби за забрана за движење на комерцијални возила во период на државни празници, викенди и летни жештини, но и од аспект на користење на задолжителен неделен одмор на возачите во траење од 45 часа согласно Закон за работно време на мобилните работници во патниот сообраќајот и уредите за запишување во патниот сообраќај.

8. Иницијатива за враќање на пост терминали во Министерство за транспорт и врски за уплата на административни такси за различни услуги (дозволи, лиценци и др.);

9. Иницијатива до Министерство за транспорт и врски за организирање на билатерални средби со сите европски држави како основ за поголема либерализација на сите видови на превоз во патниот сообраќај, односно за зголемување на бројот на меѓународни транспортни дозволи кои се разменуваат во реципроцитет;

10. Постапување и доставување на иницијатива за секој актуелен проблем што се појавува, односно е детектиран од превозниците како елемент за нарушување на условите за вршење на дејност во државата и надвор од нејзините граници.

11. Следење на реализација за доставено барање до Управата за јавни приходи за ревидирање на интерните упатства во однос на утврдување на потрошувачка на гориво согласно договорот постигнат 2014/2015 година со асоцијацијата и министерството за транспорт и врски.

12. Организирање на конференција за превоз во патниот сообраќај со ставање акцент за решавање на актуелни проблеми во државата, регионот и пошироко, со воспоставување на законски одредби за сузбивање на нелојална конкуренција;

13. Континуитет во спроведување на проект за едукација на вработени лица во превозните трговски друштва со особен акцент на возачите, привлекување на млади лица и жени за оваа професија преку директна соработка со надлежни министерства за социјална политика и образование преку спроведување на проекти за целосно или делумно субвенционирање на дел од задолжителната обука. Едукација на

млади лица за референт за логистика и промовирање на метода за воспоставување на практична обука во превозни трговски друштва.

14. Континуирана едукација на вработените во асоцијацијата од области кои директно ќе влијаат на подобрување на услугите кои се даваат на членките;

15. Подобрување и обезбедување нови алатки за електронска комуникација со членките како основ за полесно и побрзо доставување, односно достапност на информации важни за превозниците;

16. Во континуитет организирање директни средби или дебати преку електронскиот систем на теми од интерес на членството;

17. Покренување на постапки за воспоставување билатерални односи во областа на превоз со државите Казахстан, Киргистан, Азербејџан, Грузија и Ерменија, со потпишување на билатерална спогодба за услови на вршење превоз во патниот сообраќај. Обновување на процедури за целосна либерализација на превоз со Белорусија и Украина, ревизија на спогодба со Турција. Иницијативи за редовно одржување на средби на мешовита комисија со држави каде има најголема потреба од дозволи, а Македонија има потпишано спогодби и завршување на процес за укинување наплата на надомест за штаер карти во Германија.

18. Обновување на возен парк како услов за еднаков пристап до европските пазари, зачувување на животната средина од загадување и бучава по пат на обезбедување минимална помош по примерот на државите од Европска Унија - Регулативата на Советот (ЕЗ) бр 994/98 од 7 мај 1998 година за примена на Членовите 107 и 108 од Договорот за функционирање на Европската Унија за одредени категории на хоризонтална државна помош. Помошта може да се одреди во вид на донација или обезбедување на наменска кредитна линија со минимални каматни стапки на рок од минимум 5 години со грејс период од 6 месеци, даночни ослободувања за увоз на моторни возила (влекачи, товарни возила, приклучни возила и автобуси).

19. Продолжување на мерката за воведување на работно време 24/7 на инспекторите од сите институции кои имаат надлежност за постапување на граничната линија на гранични премини од „А“ категорија.

20. Оспособување на скенери или набавка на нови како мерка на контрола на стока која се превезува што ќе овозможи заштеда на време при вршење на превоз, поправка или замена на колски ваги поставени на граничните премини, редовно баждирање на истите.

21. Министерство за надворешни работи - Поголема активност за заштита на македонските превозници на територија на Европа со директни комуникации со надлежни органи во други држави и директно преку Европска комисија:

- Проблем Хрватска и Англија со мигранти и наплата на висока глоба;

- Заштита на превозници кога се спроведуваат нестандардни мерки за ограничување на пристап на транспортниот пазар како што е случај особено со Франција и Белгија, но и на територија на други држави доколку се појават континуирани проблеми.

22. Поттикнување на движење за воспоставување на синдикални организации кај превозници кои имаат поголем број на вработени од 7 лица, со цел да се воспостави репрезентативност на Асоцијација „Превозник“ како синдикат на вработени од превозот во приватниот сектор и овозможување да се потпише колективен договор

од областа на превозот со Асоцијација Макам-транс која е репрезентативен претставник на работодавачите од оддел превоз во патниот сообраќај.

23. Континуирано следење на примена на Уредба за распределба и дистрибуција на меѓународни дозволи и давање на предлози за нејзино допрецизирање и практична примена, следење на изработка на програм за водење на база на превозници и распределба на меѓународни дозволи во МТВрски.

24. Барање за впишување на КОД 95 – СПК на возач во возачките дозволи на возачите.

25. Доставување барање до МТСП за ревидирање на работно место возач од аспект на безбедност и здравје при работа, а поврзано со плаќање на бенифициран стаж по основ на тешки услови за извршување на работните активности.

26. Барање за измена на Правилник за посебните техничко-експлоатациони услови за возилата за вршење на одделните видови на превоз во патниот сообраќај и за формата и содржината на потврдата за исполнување на посебните техничко-експлоатациони услови од аспект на укинување на член 20 став (2) и (3) кои се однесуваат на задолжително обележување на реклама согласно Прилог 2 од правилникот.

27. Секој актуелен проблем што се појавува, односно е детектиран од превозниците како елемент за нарушување на условите за вршење на дејност ќе се вградува во поединечни делови (акционен план) од Програма за работа на годишно ниво.

Изработил:

Биљана Муратовска
Генерален секретар

Скопје 05.07.2023 година

АСОЦИЈАЦИЈА НА ЗДРУЖЕНИЈА НА РАБОТОДАВАЧИТЕ НА ПРЕВОЗНИТЕ ТРГОВСКИ ДРУШТВА НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА * ТРГОВСКИ * МАКАМ-ТРАНС Скопје